УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2021

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 1

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2021

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2021

ГОДИНА 1 VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.



| Издавачки совет | Editorial board |
|---|---|
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |

| Редакциски одбор | Editorial staff |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска | Biljana Conevska Gunjovska, PhD. |

| Уредувачки одбор | Editors |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Цветанка Р. Магловска – Уредник | Assis. Prof. Cvetanka R. Maglovska, PhD. - Editor |

| Техничко уредување | Technical editor |
|---|---|
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |

| Јазично уредување | Language editor |
|---|---|
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |



| Редакција и администрација | Address of the editorial office |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |



GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

## СОДРЖИНА - CONTENTS

**Никола В. Димитров** - ФАКТОРИ И УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ ....................6

**Biljana Petrevska; Vlatko Cingovski** - SUSTAINABILITY IN HOTEL INDUSTRY: THE ROLE OF ROOFTOP PV PLANTS....................12

**Златко Јаковлев** - УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ МАНАЏМЕНТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТУРИСТИЧКО - УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ..........18

**Златко Јаковлев; Душита Матета Гигова** - МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ ВО ТУРИЗМОТ ....................26

**Mimoza Serafimova; Bobana Stefanoska** - OPERATIONS STRATEGY AND COMPETITIVENESS - CASE STUDY AND ANALYSIS....................31

**Tatjana Boshkov; Mishko Djidrov** - CIRCULAR ECONOMY CONCEPT AND PERSPECTIVES IN CROATIA ....................39

**Дејан Методијески; Оливер Филипоски** - КОН ПРИСТАПЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....................44

**Марија Магдинчева-Шопова; Анета Стојановска-Стефанова** - ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РОДОВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ....................53

**Dushko Josheski; Tatjana Boshkov** - BEQUEST TAXATION, ESTATE TAXATION, LAND TAXATION, OPTIMUM TOWN, HENRY GEORGE THEOREM AND CAPITAL TAXATION: A SURVEY....................58

**Aneta Stojanovska-Stefanova; Marija Magdinceva-Sopova** - WOMEN’S RIGHTS ARE HUMAN RIGHTS: A DECADE OF THE COUNCIL OF EUROPE ISTANBUL CONVENTION ....................79

**Mladen Micevski; Biljana Petrevska** - OTTOMAN HERITAGE: SPECIFIC PERCEPTION OF STUDENTS FROM NORTH MACEDONIA ....................90

**Емануела Есмерова; Драшко Атанасоски** - ОБУКАТА И РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЕКОНОМИСУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА............94

**Перпарим Ќахили; Цане Котески** - ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ НА АНА МОРАВА....................100

**Ивица Јосифовиќ** - РЕГУЛАТИВАТА ЕУРОДАК: КОН ПОДОБАР СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА МИГРАЦИЈАТА И АЗИЛОТ....................115

**Христина Рунчева-Тасев; Филип Стојковски** - ЕФЕКТИТЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ТРАНСФОРМАТИВНА МОЌ НА ГЛОБАЛНАТА КРИЗА ....................115

**Цеват Кицара** - ИМИЏОТ И РЕПУТАЦИЈАТА НА ДЕСТИНАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....................128

**Марио Чобанов** - СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ – СОСТОБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ................. 137

**Александар Магдески** - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЕВЕНТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА „ПИВО ФЕСТ“ – ПРИЛЕП ................................................. 144

**Наташа Петровска** - КУЛТУРОШКО-ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЕКОТУРИЗМОТ КАКО ФАКТОР ЗА ПОВТОРНО ЗАЖИВУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ПО ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 ........................................................................ 153

UDK 327]:616.98:578.834}-036.21(100)"20"

# ЕФЕКТИТЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ТРАНСФОРМАТИВНА МОЌ НА ГЛОБАЛНАТА КРИЗА

**Христина Рунчева-Тасев[1]; Филип Стојковски[2]**
[1]Вонреден професор, Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје, e-mail: h.runchevatasev@pf.ukim.edu.mk
[2]Магистер по меѓународни односи и дипломатија, e-mail: stojkovski.filip94@gmail.com

Апстракт

Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 наметна сериозни предизвици за државите на глобално ниво. Оваа трета криза на 21-от век влијаеше врз тоа да настапи еден од најтешките периоди за здравствените системи, но и економиите на државите ширум светот. Трудот има за цел да го прикаже влијанието на пандемијата врз меѓународните односи во глобални рамки, преку трансформативната моќ на оваа криза која влијаеше врз дистрибуцијата на моќ помеѓу големите светски сили, а особено врз односите САД-Кина. Бројот на вооружени конфликти во светот значајно се намали, падот на економиите се одвиваше со забрзана динамика, а слободното движење се најде под удар на рестрикциите. Вакцините станаа едно од најмоќните орудија на влијание на големите сили, а истовремено ги истакнаа и недостатоците на мултилатералната соработка за сметка на јакнење на националните капацитети на државите. Покрај фактот што пандемиите бележат репетитивност и создаваат несовладливи последици, гледано низ историски контекст, авторите ќе заклучат дека овие неповолни состојби нé потсетуваат дека светот е недоволно подготвен за кризни состојби од овој вид и во иднина неопходно ќе биде државите да се посветат подобро на менаџирањето со кризи и соодветно планирање на финансиските и човечките ресурси.

Клучни зборови: КОВИД-19 криза, меѓународни односи, дистрибуција на моќ, вакцинална дипломатија.

## 1. Вовед- Ковид-19 – трета криза во 21 век

Кризните состојби се неизоставен дел од секој период, гледано низ призма на светската историја. Така, крајот на 20-от век го обележа завршувањето на Студената војна, а 21-от век донесе уште неколку нови кризни предизвици за справување на граѓаните и политичките елити.

Првата криза која предизвика шок во глобални размери беше терористичкиот напад во САД на 11 септември 2001 година. Одговорноста ја презеде Осама Бин Ладен, лидерот на терористичката група Ал Каеда, кој ги претставуваше своите следбеници како „авангарда на исламот". Веднаш следуваше одговор од страна на американскиот претседател Џорџ В. Буш нарекувајќи го актот „чин на војна" за што и ја објави кампањата „војна против теророт"[98]. Ендру Хејвуд во неговото дело „Глобална политика"[99] смета дека теоријата на Самјуел П. Хантингтон образложена во неговото дело „Судир на цивилизациите"[100] е најсоодветен приказ за тоа дека конфликтот во 21 век, пред сé, не е идеолошки или економски, туку културолошки, односно претставува конфликт помеѓу нациите и групите од различни цивилизации. Хантингтон уште во 1993 година смета дека големите цивилизации како реакција на глобализацијата ќе станат главните актери во светските процеси. Оваа анализа целосно се разликува од онаа на Френсис Фукујама и неговата теорија за „Крајот на историјата"[101] во која вели дека политичко-културолошките поделби ќе исчезнат така што нациите се приближуваат кон либерал-демократските вредности и системи. „Војната против теророт" предизвика глобална реакција и поддршка на САД во борбата против тероризмот на глобално ниво.

Есента во 2008та година донесе, „кредитно цунами кое се случува еднаш во векот"[102]. Ова „цунами" директно поврзано со домувањето и хипотекарните кредити во САД донесе светска финансиска криза, која впрочем и претставува втора светска криза во 21 век. На почетокот на 1996 година овие хипотеки биле во огромен пораст со 100 милијарди долари, за потоа во 2005 година да изнесуваат 625 милијарди долари[103]. Во овој случај, како најголеми инвеститори се најдоа банките од

---

98 U.S. Department of State, „The Global War on Terrorism: The First 100 Days" https://2001-2009.state.gov/s/ct/rls/wh/6947.htm
99 Andrew Heywood, „Global Politics", Palgrave Macmillan, 2011.
100 Samuel P. Huntington, „The Clash of Civilizations?", Foreign Affairs, Summer 1993. https://www.foreignaffairs.com/articles/united-states/1993-06-01/clash-civilizations
101 Francis Fukuyama, „The end of history and last man", Free Press, 1992.
102 House Hearing, 110 Congress, „THE FINANCIAL CRISIS AND THE ROLE OF FEDERAL REGULATORS", U.S. Government Printing Office, 23 October 2008. https://www.govinfo.gov/content/pkg/CHRG-110hhrg55764/html/CHRG-110hhrg55764.htm
103 Souphala Chomsisengphet and Anthony Pennington-Cross, „The Evolution of the Subprime Mortgage Market", Federal Beserve Bank of St. Luise Review 88 No.1, 2006.

Wall Street како што се Lehman Brothers и Bear Stearns, но и многу други инвеститори од целиот свет[104]. Покрај тоа што многумина сметаа дека овие хипотеки се „сигурна инвестиција", во 2006 година започна процес на запирање на приливот на финансии од хипотеките заради неможност да се подмират долговите на граѓаните. За намалување на штетите од кризата, администрацијата на САД делуваше со низа финансиски инјекции во банките, а главниот план за стабилизирање на кризата беше реформата за заштита на потрошувачите, позната како Dodd-Frank Reform[105].

Крајот на 2019 година воопшто не навестуваше дека наредната 2020 може да биде добра година. Имено, податоците укажуваат за појава на „недијагностицирана пневмонија", како што е наведено во барањето за повеќе информации кое датира од 30 декември 2019 година од страна на Медицинската администрација на здравствениот комитет во Вухан, Кина. Светската Здравствена Организација (понатаму во текстот – СЗО) била информирана за оваа состојба од нејзината канцеларија во Кина откако ги забележала вестите во медиумите и извештајот од ProMED - International Society for Infectious Diseases[106]. Токму оваа недијагностицирана пневмонија и брзото ширење на вирусот претставува третата криза во 21 век.

Од првиот извештај на СЗО објавен на 21 јануари 2020[107], може да се забележи дека надлежните откриваат дека станува збор за нов коронавирус од 13 јануари 2020 година, откриен при лабараториски испитувања на жената која допатувала од Вухан во Тајланд од страна на контролата на аеродромите поради новата алармантна ситуација. Во овој извештај исто така се наведени првите мерки кои ги преземаат државите од регионот во кои има регистрирано заразени, односно: Кина, Тајланд, Јапонија и Република Кореа. Од нив, Република Кореа е единствената земја која менаџирањето на кризата го подигнува на повисоко ниво, односно од прво ниво на второ (од вкупно четири нивоа на менаџирање со кризи), односно од сина во жолта фаза.

Во 22-от извештај[108] за новиот коронавирус издаден на 11 февруари 2020 СЗО го утврдува името на вирусот – COVID-19, односно КОВИД-19. Бројките рапидно се зголемуваат во првите три месеци: Јануари[109] – 9826; Февруари[110] – 85403; на почетокот на Март, односно на 11 март 2020 година во 51-от извештај[111] на СЗО за новиот КОВИД-19 е прогласена **пандемија** на вирусот, а бројот на заразени во месец Март[112] е 750.890 заразени.

Месеците кои следат во 2020 претставуваат една од најтешките борби пред се за медицинските работници, а потоа за економиите на државите и за секој поединец на глобално ниво. КОВИД-19 во 2020 година одзеде повеќе од 1.7 милиони животи и 79 милиони заразени според последниот извештај за 2020 година од СЗО објавен на 29 декември 2020[113] година. Големите производители на лекови и државите влегоа во трката за создавање ефикасна вакцина против КОВИД-19, при што останува да се следи дали вакцинацијата ќе предизвика делумна стабилизација на овој глобален предизвик. Масовната вакцинација на одредени земји, како што е Израел, или долгите и претпазливи мерки на карантин како во Нов Зеланд,

---

[104] Michael Comiskey & Pawan Madhogarhia, „Unraveling the Financial Crisis of 2008", PS: Political Science & Politics, pg. 271-275, 2009.

[105] U.S. Congress, „DODD-FRANK WALL STREET REFORM AND CONSUMER PROTECTION ACT", Public Law 111-203, 21 July 2010. https://www.govinfo.gov/content/pkg/PLAW-111publ203/pdf/PLAW-111publ203.pdf

[106] ProMED - International Society for Infectious Diseases, „ Undiagnosed pneumonia – China (Hubei): Request for information "https://promedmail.org/promed-post/?id=6864153%20#COVID19

[107] World Health Organization, Novel Coronavirus (2019-nCoV) Situation report – 1, 21 January 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200121-sitrep-1-2019-ncov.pdf?sfvrsn=20a99c10_4

[108] World Health Organization, Novel Coronavirus (2019-nCoV) Situation report – 22, 11 February 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200211-sitrep-22-ncov.pdf?sfvrsn=fb6d49b1_2

[109] World Health Organization, Novel Coronavirus (2019-nCoV) Situation report – 11, 31 January 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200131-sitrep-11-ncov.pdf?sfvrsn=de7c0f7_4

[110] World Health Organization, Coronavirus disease 2019 (COVID-19) Situation report – 40, 29 February 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200229-sitrep-40-covid-19.pdf?sfvrsn=849d0665_2

[111] World Health Organization, Coronavirus disease 2019 (COVID-19) Situation report – 51, 11 March 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200311-sitrep-51-covid-19.pdf?sfvrsn=1ba62e57_10

[112] World Health Organization, Coronavirus disease 2019 (COVID-19) Situation report – 71, 31 March 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200331-sitrep-71-covid-19.pdf?sfvrsn=4360e92b_8

[113] World Health Organization, Weekly epidemiological update - 29 December 2020 https://www.who.int/publications/m/item/weekly-epidemiological-update---29-december-2020

ќе претставуваат соодветен индикатор преку студија на случај, кој ќе укаже на тоа какви јавни политики се неопходни во услови на справување со оваа глобална криза.

**2. Трансформативната моќ на пандемијата врз меѓународните односи**

Кенет Волц уште одамна нотира дека „текстурата на меѓународната политика останува крајно постојана, моделите се повторуваат, а настаните се повторуваат бесконечно. Односите што преовладуваат на меѓународно ниво ретко го менуваат нивниот вид или рапидно нивниот квалитет[114]". Но, дури и теориите што ја сочинуваат развојната социјална конструкција на светската политика признаваат дека ваквите процеси може да траат со децении, па дури и со векови. Моментите на пресврт го привлекуваат вниманието токму поради нивната реткост.

Што претставува „трансформативна промена" во светската политика? За целите на овој труд, трансформативната промена значи промена во моделите на светската политика. Така, за да настанат промените во светската политика, постојат неколку начини за истите да се активираат. *Првиот* и најинтуитивен начин е доколку шокот генерира дисконтинуирана промена на клучните каузални варијабли, што пак ќе доведе до различни меѓународни исходи за разлика од она што би се очекувало *ex ante*. Според одредени автори распределбата на моќта и на идеите сугерира дека ваквите дисконтинуитети имаат моќни ефекти врз светската политика. Шоковите [115] кои водат широка прифатеност на моќните нови норми се сметаат за пример на трансформативна промена.

*Вториот* начин на трансформативна промена може да настане доколку пандемијата предизвика забрзување на веќе претходно постоечките трендови до степен каде што актерите во системот не можат да го избегнат исходот кој ја следи траекторијата. Во оваа категорија на исходи, преземените дејства во сегашноста наметнуваат значително поголеми ограничувања за можните чекори во иднина [116]. Најзначајните пандемии кои се појавија во минатиот век имаа акутен краткорочен ефект и би било тешко да се тврди дека овие болести предизвикаа трансформативна промена во светската политика, како што се: ХИВ/СИДА; САРС во 2003 година; $H_1N_1$, попознат како „свински грип"; Ебола; и денес го имаме вирусот КОВИД-19[117].

Институтот за одржлив политички развој наведува дека пандемијата предизвикана од КОВИД-19 ги менува начините и инструментите што ги развиваат бизнисите, државите, меѓународните и регионалните организации. Во основа, пандемијата ќе ги промени методите на меѓународно засегнатите страни, што на крајот би го променило глобалното политичко сценарио. Глобализацијата и мултилатералноста се под закана, но не станува збор за крај на глобализацијата, туку дека се очекува да настапи еден вид „лабав мултилатерализам"[118].

Кризата го изнесе на површина недостатокот на далековидост на лидерите во светот. Популистичките лидери покажаа отпор кон потребата од заедничка акција во справувањето со глобалната закана, а реториката која беше насочена кон јакнење на национализмот само повеќе го поткопуваше меѓународниот поредок. Така, со прогласувањето на пандемијата беа затворени границите, а светот беше под чести закани, санкции и контра санкции. Грубите и сурови манири на тврдата моќ ја поместија меката моќ базирана на соработка[119]. Гардини дава соодветно објаснување за меѓународните односи и пандемиите [120]. Имено, меѓународниот одговор и координација беа секундарни, покрај значајната улога на Г20. Покрај тоа, улогата на меѓународните и регионалните организации не беше повеќе централна, имајќи предвид дека секоја од државите главно се потпираше на сопствениот интервенционизам, во услови кога колабираше здравствениот сектор, а на бизнис заедницата и беше

[114] К. Волц, 1979, стр. 66.

[115] Истражувањето на Г. Џон Икенбери за нарачани моменти сугерира дека тие најверојатно ќе се појават во пресрет на војните помеѓу големите сили кои ја редефинираат рамнотежата на силите. Марта Финмор и Катрин Сикинк слично забележуваат за начините на кои развојот на нормите може да генерира брзи ефекти на каскадата за време на критичната фаза на дифузија на нормите. Види повеќе кај: Drezner, Daniel W. "The Song Remains the Same: International Relations After COVID-19." International Organization 74, no. S1 (2020): E18–E35.

[116] Drezner, Daniel W. "The Song Remains the Same: International Relations After COVID-19." International Organization 74, no. S1 (2020): E18–E35.

[117] Ibid.

[118] Fatemeh Kamali-Chirani, Imran Saqib Khalid: „COVID-19 and Change in Global Political Order", 2020, SDPI, стр. 2

[119] Antonia Nunez Garcia Sauco (2020), „Old and new order", European Institute of International Relations „The world before and after Covid-19: Intellectual reflections on politics, diplomacy and international relations", стр. 8 – 11

[120] Gian Luca Gardini (2020), „Myths and realities of politics, policy-making and the state in times of Covid-19", European Institute of International Relations „The world before and after Covid-19: Intellectual reflections on politics, diplomacy and international relations", стр. 15 – 18.

неопходна поддршка и помош. Во услови на криза, меѓународните организации заради нивната централизираност и спорост во интервенцијата кон државите, станаа секундарен извор на неопходна помош во справување со новите предизвици, а националниот капацитет ја презема централната улога во соочувањето со ново наметнатите проблеми.

Во време на пишување на овој труд (2021 година) се' уште не е јасен исходот во меѓународните односи, но се насетуваат клучни промени додека темите од меѓународен план се во сенка. Меѓународниот фокус е насочен кон справувањето со здравствената и економската криза, а кон тоа се насочени и сите ресурси. Дискусиите за тероризмот и бројот на вооружени конфликти на глобално ниво е намален, а економиите се во подлабоко тонење. Лидерите, независно дали се од редот на популистите или не, се соочија со ист проблем и веќе нема разлика во однос на пристапот при справување со пандемијата. Полето на битка се префрли во сферата на вакцините, односно која економија ќе се воскресне најбрзо доколку се спроведе масовна вакцинација и дали истата ќе обезбеди затишје на овој сериозен предизвик на 21-от век? И што доколку вакцините не се доволно ефикасни за светот да ја надмине оваа глобална криза која ќе донесе долгорочни последици по здравствените и економските системи?

## 3. Пандемии, светската политика и дистрибуцијата на моќ

Пандемиите бележат динамика на репетитивност гледано во историски контекст. Имено, тие не влијаеле на светската политика во минатото со иста сила како денес, но несомнено нивното повторување укажува на фактот дека се работи за појава која има трансформативна општествена моќ во минатото и денес и која создала огромни и несовладливи последици. Пандемиите како појава нé потсетуваат дека недоволно сме подготвени за кризни состојби и дека нивната повторливост нé потсетува дека треба да очекуваме дека ќе се случуваат и во иднина и подобро да се подготвиме за нив.

Пандемијата со КОВИД-19 е еден од најголемите предизвици со кој се соочуваат општествата во современата историја. Кризата предизвика силен удар врз здравствените системи и економијата[121] во глобални рамки, чии ефекти ќе се чувствуваат многу години и по завршувањето на пандемијата. Најсериозните ефекти може да бидат спречени само доколку државите се посветат на сериозна и рана акција пред оваа глобална закана. Пандемијата е извонредна, иако многу неповолна, можност според која може да се научат многу тешки лекции за справување со криза и укажување на неопходната потреба за брза владина интервенција[122].

Во текот на историјата, постојат повеќе значајни здравствени кризи кои оставиле силен белег: чумата за време на Пелопонеската војна 430п.н.е.; Антониската чума за време на Римската Империја 165 година; Жолтата треска 1801 година спречувајќи го Наполеон во неговата експанзија на Хаити; во 1918-1919 година се случува најсмртоносниот грип – Големиот Грип[123], или попознат како Шпански грип, одземајќи 50 милиони жртви.

Самуел Кон[124] во својата студија за чумата која ја зафати Европа во XVI век изнесува два заклучоци: прво, „епидемиите не мора да доведат до слабеење на државите“ и второ, лидерите можат да бидат величени заради ефективното справување со чумата и „со тоа зајакнувајќи ја апсолутистичката власт (на крајот на XVI век и во следниот)“. Френсис Фукујама[125] истакнува дека „големите кризи имаат големи последици, обично непредвидливи“. Исто така смета дека како последици на Големата депресија се јавуваат национализмот, фашизмот, изолацијата и Втората светска војна, но како нејзин одговор беше создаден New Deal на тогашниот американски претседател Френклин Рузвелт. Според Фукујама „КОВИД-19 е голема меѓународна криза, која ќе има долгорочни, глобални реперкусии и ќе влијае во текот на светската историја“. Сепак, справувањето со оваа пандемија е еден од најсериозните предизвици кој нема лесно да биде разрешен токму поради непрекинатото движење на граѓаните низ целиот свет со помош на современите средства за патување[126].

[121] Во услови на исклучителна неизвесност, глобалната економија се предвидува да порасне 5,5 проценти во 2021 година и 4,2 проценти во 2022 година. IMF World economic outlook update, January 2021: Policy Supports and Vaccines Expected to Lift Activity. Available at: https://www.imf.org/en/Publications/WEO/Issues/2021/01/26/2021-world-economic-outlook-update.

[122] Рунчева Тасев, Х. и Стојановска Стефанова, А. „Јавни политики за справување со кризи: лекции научени од КОВИД-19 за климатските промени“. Факултет за политички науки – Белград, Политички последици од пандемијата, Политичка мисла бр. 61, мај 2021, стр. 275-287.

[123] John M. Barry, „The Great Influenza“, Viking Penguin, 2004.

[124] Samuel K. Cohn, „Cultures of plague: Medical thinking at the end of the Renaissance“, 2010, Oxford, Oxford University Press, стр. 294-299.

[125] Francis Fukuyama, „The Pandemic and Political Order“, 2020, Foreing Affairs.

[126] Adam Roberts, „Pandemics and Politics“, 2020, Survival, стр. 7-40.

Оттука се поставува прашањето дали 2020 година по извесен период ќе се смета за година на пресврт на меѓународен план? Тоа прашање ќе може да се одговори веројатно откако истото ќе биде одредено од повеќе настани, односно причини кои се поврзани со дистрибуцијата на моќта.

Главниот фокус при дистрибуцијата на моќта ќе биде ставен на САД и Кина како две најголеми сили во светот и жестоки ривали. Кратко истражување на историската врска помеѓу пандемиите и меѓународните односи води кон три согледувања[127]. *Прво,* болестите ја трансформираат светската политика низ милениуми; *второ,* односот помеѓу пандемиите и политиката е реципрочен; и *трето,* серија економски и идејни достигнувања во текот на изминатите два века се пригушени од влијанијата на пандемиите врз светската политика.

Трговската војна помеѓу САД и Кина која се одвиваше во 2019 година преминува во „војна на доминација“. Војната на доминација често пати го наметнува прашањето за тоа колку КОВИД-19 ѝ помага на Кина во нејзината хегемонистичка позиција која полека ја зазема. Новиот коронавирус потекнува од Кина. Кина во март 2020 сѐ уште имаше високи бројки на заразени и сепак успеваше да испраќа опрема за лична заштита и други медицински материјали[128] на европските земји кои беа најпогодени од вирусот, вклучително и ветувањето на кинескиот претседател Си Џимпинг за донација на СЗО[129] од две милијарди долари во текот на наредните две години за борба против КОВИД-19.

Спротивно на тоа, администрацијата на Трамп[130] презеде минимални превентивни активности за време на раните фази на пандемијата. Администрацијата на Трамп, исто така, го стопираше самитот на G7 поради настанатата ситуација со Ковид-19, а воедно го запре и финансирањето на СЗО[131] на 15 април 2020, кое подоцна беше повторно вратено со промена на власта по изборите во САД.

Според, Џозеф Неј[132] кој смета дека „мека моќ е способноста да се влијае врз другите преку привлекување отколку преку принуда или плаќање“, првичните ефекти на пандемијата врз американската и кинеската мека моќ беа негативни. И двете сили постапуваа многу лошо на почетокот на кризата: негирање на пандемијата во двете земји, цензура во Кина и неспособност во одговорот на администрацијата на Трамп. Првично, меката моќ беше оштетена од пандемијата. Кина направи големи напори да го промени тој наратив преку „вакциналната дипломатија“. Успехот на САД во развојот на вакцини, како одвојувањето на 500 милиони дози за КОВАКС влијаеше силно врз враќањето на американската мека моќ. Меката моќ на големите сили опадна [на почетокот]. Употребата на авторитарните механизми во Кина за справување со пандемијата, како и нејзината вакцинална дипломатија, помогна да се спречат негативните ефекти од кризата, но бројот на вакцини што тие ги доставија е мал, а при тоа многу земји се сомневаат во ефикасноста на кинеските вакцини. Според Неј, меката моќ на Америка се зголеми многу повеќе од онаа на Кина.

## 4. Политички дискурс на пандемијата

Од финансиската криза во 2008-2009 година па се до појавата на новиот коронавирус, светот се наоѓа во постојана економска и политичка трансформација. Носители на овие трансформативни процеси се големите економски и политички сили преку нивната борба за доминација на економски и политички план. КОВИД-19 беше само забрзувач на оваа латентна борба, а пандемијата дополнително го нагласи ривалството помеѓу САД и Кина. Пандемијата ни овозможи јасна слика за таа борба на доминација да може да ја согледаме низ призмата на студената војна, која впрочем се чинеше дека е завршена во 20-от век. Сепак, поделбата помеѓу истокот и западот е сѐ уште присутна. Имено, со избувнувањето на пандемијата од КОВИД-19 уште на самиот почеток беше очигледно дека победата над новиот коронавирус е можна само доколку се пронајде лек или вакцина против вирусот, па така државите влегоа во трка со времето во однос на тоа кој прв ќе пласира вакцина и ќе доминира на глобалниот пазар. Поделбата и национализацијата на вакцините најмногу се рефлектира во инвестирањето на

---

[127] Daniel W. Drezner, The Song Remains the Same: International Relations After COVID-19, 2020, Cambridge University Press, стр. 4-5.

[128] European Commission, „Coronavirus: Chinese aid to the EU delivered to Italy“, Април 2020 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_20_600

[129] World Health Organization, „Seventy-third World Health Assembly“, 18 Мај 2020 https://www.who.int/about/governance/world-health-assembly/seventy-third-world-health-assembly

[130] Daniel W. Drezner, The Song Remains the Same: International Relations After COVID-19, 2020, Cambridge University Press, стр. 9.

[131] President Donald J. Trump Is Demanding Accountability From the World Health Organization, 15 April 2020, White House. https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/president-donald-j-trump-demanding-accountability-world-health-organization/

[132] Joseph Nye: How the Pandemic Transformed Great Power Rivalry and American Soft Power, https://cdainstitute.ca/joseph-nye-how-the-pandemic-transformed-great-power-rivalry-and-american-soft-power/ , 10 August 202, CDA Institute.

огромни суми буџетски средства за истражување, развој и производство на вакцина против КОВИД-19, интервенционизам во поддршката на фармацевтските компании за производство на лекови, па се до наметнувањето на реторика на користење на името на државата како име на вакцината.

Политичкиот ризик во 2020 година се искачи на највисоко ниво. Имено, влијанието на политичките одлуки и настани на меѓународно, национално и локално ниво влијаеше врз економскиот пазар, создавајќи високо ниво на несигурност. КОВИД-19 не претставуваше забрзувач само на заострената реторика на меѓународно ниво, туку креираше и погоден терен за популистичките лидери чиј број се движеше во нагорна линија во светски рамки. Конфронтацијата во меѓународните односи помеѓу космополитизмот и изолационизмот во овие моменти е сé повеќе присутна, а тензичноста расте поради нерамномерната дистрибуцијата на вакцините помеѓу напредните и помалку напредните економии. При тоа, резултатите за различната ефикасност на вакцините водат кон тоа помалку ефикасните вакцини да бидат достапни за послабите економии, а посилните економии побрзо и поефикасно го штитат своето население. Глобализацијата поминува низ тежок период, додека нејзиниот комфорен либерален поредок на отворени граници е нарушен од страна на изолациските политики на затворени државни граници кои повремено се активираат, следејќи ја динамиката на секој нов бран на вирусот. Отворените граници пак во услови на намален број на инфекции, сеуште се условени од зелениот сертификат за патување кој упатува на податоци за тоа дали патникот е вакциниран, го има прележано вирусот или поседува негативен тест за КОВИД-19.

## 5. Светски (не)поредок во време на пандемија

По крајот на втората светска војна, новиот светски поредок го предводат западните сили, на чело со САД. Либералниот светски поредок е базиран на почитување на меѓународните права, норми, доктрини и обичаи. Универзална декларација за човекови права е еден од носечките документи за заштита на правата на човекот, усвоена во 1948 година[133], која за жал се најде под ударот на пандемијата во 2020 година преку прекршувањето на членот 13а кој гласи „Секој има право на слободно движење и престој во границите на секоја држава“. Забраната за движење предизвика протести на повеќе локации во светски рамки, каде граѓаните протестираа за нивната ограничена слобода на движење[134].

САД немаше прогласено забрана за патување со затворање на границите на државата, туку поединечно воведе забрани за патување во САД од сите региони и држави кои имаат високо ниво на зараѕеност со КОВИД-19. Така, прво беше воспоставена забраната за патување од Кина, потоа Иран, Италија, Јужна Кореа, а на 11 март 2020 година забрана добија и државите од Шенген зоната на ЕУ[135]. Во поглед на рестрикциите во ЕУ, Италија на почетокот од ширењето на вирусот одби да го суспендира Шенгенскиот договор, при што беше поддржана од Франција, но не и од Австрија која започна да ги разгледува можностите за заштита и затворање на границите[136]. Политиката на отворени граници во рамки на Шенген зоната во ЕУ за кратко време беше суспендирана заради опасноста од ширење на вирусот преку честите патувања. Државите-членки почнаа да ги затвораат своите граници[137], а потоа и ЕУ на 16 март 2020 година преку Европската Комисија ја донесе одлуката за затворање на надворешните граници на Унијата[138].

Ограничувањето на патувањата беше последица на преземените рестрикции на државите во обид за заштита од КОВИД-19, но откако се ослободија мерките и границите повторно беа отворени, некои држави при премин на границата воведоа соодветни критериуми, како што се барањето за негативен ПЦР тест на КОВИД-19 или потврда за прележан вирус. Откако започна постапката за вакцинација на населението се појави и идејата за воведување на вакцинален пасош. Така, ЕУ предложи

---

[133] United Nations „Universal Declaration of Human Rights“, 1948. https://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/

[134] CNN „Protests are popping up across the US over stay-at-home restrictions“ https://edition.cnn.com/2020/04/16/us/protests-coronavirus-stay-home-orders/index.html

[135] White House, „Proclamation—Suspension of Entry as Immigrants and Nonimmigrants of Certain Additional Persons Who Pose a Risk of Transmitting 2019 Novel Coronavirus“, 11 march 20202 https://trumpwhitehouse.archives.gov/presidential-actions/proclamation-suspension-entry-immigrants-nonimmigrants-certain-additional-persons-pose-risk-transmitting-2019-novel-coronavirus/

[136] Schengen visa info new, „Italy Refuses to Suspend Schengen Agreement Amid Coronavirus Outbreak“, 24 February 2020. https://www.schengenvisainfo.com/news/italy-refuses-to-suspend-schengen-agreement-amid-coronavirus-outbreak/

[137] Schengen Visa Info new, „ Schengen Area Crisis: EU States Close Borders as Coronavirus Outbreak Grips Bloc“, 13 март 2020. https://www.schengenvisainfo.com/news/schengen-area-crisis-eu-states-close-borders-as-coronavirus-outbreak-grips-bloc/

[138] European Commission, COMMUNICATION FROM THE COMMISSION TO THE EUROPEAN PARLIAMENT, THE EUROPEAN COUNCIL AND THE COUNCIL „COVID-19: Temporary Restriction on Non-Essential Travel to the EU“, 16 march 2020 https://ec.europa.eu/transparency/regdoc/rep/1/2020/EN/COM-2020-115-F1-EN-MAIN-PART-1.PDF

„Дигитален зелен сертификат“ [139] кој ќе гарантира слободно и безбедно движење. Имено, овој сертификат би бил доказ дека лицето е вакцинирано против КОВИД-19, има негативен тест на вирусот или го има веќе прележано. Во предлогот за сертификатот на ЕУ се посочува истиот ќе биде суспендиран откако СЗО ќе прогласи крај на пандемијата. Ваквиот предлог по подолги преговори беше усвоен како ЕУ Дигитален Ковид Сертификат (EUDCC) и има за цел да и овозможи на граѓаните на 27те држави членки на ЕУ полесно да патуваат во рамки на Унијата, а истиот е достапен и применет и во неколку земји кои не се членки на ЕУ. Имено, целта е да се осигура дека ограничувањата на движење може да се укинат на координиран начин, односно носителот на сертификат кога патува треба да биде изземен од ограничувањата за слободно движење: земјите -членки на Унијата треба да се воздржат од воведување дополнителни ограничувања за патување за лицата кои поседуваат сертификат, освен ако тие не се неопходни и пропорционални за заштита на јавното здравје. ЕУ дигиталниот ковид сертификат стапи на сила од 1 јули 2021 година[140].

Кога станува збор за економската глобализација, Ванг и Сун[141] анализираат дали и на кој начин светскиот економски поредок ќе мине низ фундаментални промени под влијание на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 низ призма на три реално остварливи сценарија на оптимистите, песимистите и центристите. Оптимистите сметаат дека економскиот поредок кој минува низ одреден степен на нарушување заради пандемијата, се очекува да се врати на пред-кризните траектории наскоро по завршувањето на кризата, а влијанието на КОВИД-19 ќе биде слично на претходните кризи од овој размер од минатото. Според нив, економската глобализација ќе продолжи кога ќе заврши пазарниот шок и економската рецесија. Песимистите, очекувано, имаат сосема спротивни очекувања. Тие сметаат дека локализацијата ќе ја замени глобализацијата, при што КОВИД-19 ќе предизвика структурална штета врз светската економија која може да се спореди со Големата Депресија. Воедно, според нив очекуван е бран на економски национализам кој ќе ја замени глобализацијата со локализација. Третото сценарио на центристите смета дека светот по кризата секако ќе закрепне, но не така брзо како што очекуваат оптимистите, исто така и дека КОВИД-19 нема да ја уништи глобализацијата, но во голема мера ќе ја забави. Главен фактор за тоа кое од овие сценарија ќе стане реалност се односите помеѓу САД и Кина. Имено, економската глобализација минува низ транзиција од времето на финансиската криза во 2008 година, а според Ванг и Сун значаен фактор кој влијае на тоа е развојот на економските односи помеѓу САД и Кина кои прераснуваат од симбиотски во крајно компетитивни, а денес дополнително влошени под влијание на КОВИД-19.

Дополнителен предизвик при справувањето со пандемијата се јавува популизмот кој има значителна улога во креирањето на политиките на државите, но и во меѓународните односи. Иако дебатата за врската помеѓу кризите и популизмот е комплексна и опширна и за неа не постои согласност, неколку автори се согласни за тоа дека кризните состојби се предуслов за појава на популистичка мобилизација или за нивно фаворизирање[142].

Имено, истражувањето на институтот Carnage Europe[143] кое се однесува на тоа како популизмот штетно влијае на демократијата, поаѓа од тоа дека за да се заштити демократијата, неопходно е да се осознаат корените на популизмот. Имено, тие сметаат дека популизмот е тесно поврзан со слабеењето на напредните демократии, дистанцирањето на политичките елити од граѓаните, кои пак сé помалку членуваат во политички партии и помалку излегуваат да гласаат на избори, како и намалување на бројот на граѓански активисти кои служат како линк помеѓу електоратот и владата. Популистичките лидери ја пополнија оваа празнина, заобиколувајќи ги столбовите на демократијата, односно традиционалните институции како парламентот или медиумите и воспоставија директна комуникација со граѓаните преку социјалните мрежи, без потреба од посредништво помеѓу нив. Сепак, КОВИД-19 кризата создаде нови сериозни предизвици и за популистичките лидери кои се справуваа на различен начин со новонастанатата состојба, а дел од нив во меѓувреме и ги загубија изборите. Анализата на Тони Блер Институт за глобални промени[144] спроведена во 2020 година детектира дека во време на избувнувањето на пандемијата со КОВИД-19, активни биле 17 популистички лидери, од кои 12 лидери ја сметале кризата за сериозна состојба и постапиле согласно тоа, а другите 5 лидери презеле либерални политики и ја релативизирале сериозноста на состојбата. Најчесто се верува дека бенефит од кризните состојби

[139] European Commission „Coronavirus: Commission proposes a Digital Green Certificate“ https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/IP_21_1181

[140] EU Digital Covid Certificate. Достапно на: https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/coronavirus-response/safe-covid-19-vaccines-europeans/eu-digital-covid-certificate_en. Пристапено на 1 август 2021.

[141] Wang, Z., Sun, Z. From Globalization to Regionalization: The United States, China, and the Post-Covid-19 World Economic Order. J OF CHIN POLIT SCI (2020). https://doi.org/10.1007/s11366-020-09706-3

[142] Bobba, Giuliano, and Nicolas Hubé. "COVID-19 and Populism: A Sui Generis Crisis." (2021): 1-16.

[143] Rosa Balfour, „Why Populism Can Survive the Pandemic“, Carnegie Europe, 2020.

[144] Brett Meye, „Pandemic Populism: An Analysis of Populist Leaders’ Responses to Covid-19“, Tony Blare Institute for Global Change, 2020.

имаат популистите, но КОВИД-19 кризата е невообичаена кризна состојба која сеуште трае во време на пишувањето на овој труд, па оттука сеуште е рано да се извлечат било какви заклучоци. Она што досега може да се заклучи е дека постои голема разлика во однос на тоа дали популистичките лидери се на власт или во опозиција, со оглед на тоа што популистите во опозиција имаат широк простор за критика на власта заради лошото справување во кризата.Општо земено, популистичките партии на власт ја искористија оваа критична ситуација за да ја зајакнат својата централна политичка улога и легитимитет. M5C во Италија, Подемос во Шпанија, ПиС во Полска, Фидеш во Унгарија и АНО во Чешка го гледаа ова како можност да ја покажат својата способност да се грижат за луѓето дури и за време на пандемија[145].

## 6. Ривалството помеѓу големите сили за доминација над ситуацијата со пандемијата

Вакцинацијата на населението е клучна во борбата против пандемијата од КОВИД-19. Од почетокот на пандемијата државите преку договори и спонзорства на компаниите кои произведуваат медицински лекови влегоа практично во трка кој прв ќе достави вакцина против коронавирусот. Во моментот на пишување на овој труд потврдени се повеќе од 205 милиони случаи на Ковид позитивни пациенти на глобално ниво, повеќе од 4,3 милиони лица се починати од Ковид, и речиси 4,5 милијарди аплицирани дози вакцини[146].

Според СЗО[147], во клинички развој се повеќе од 110 вакцини, а повеќе од 184 вакцини се во пред-клинички развој, кога ќе се постигне безбедна и ефикасна вакцина таа ќе биде дистрибуирана со правична застапеност, со приоритет на луѓето кои се во најголем ризик и олеснета дистрибуција преку КОВАКС[148] системот предводен од СЗО, ГАВИ и ЦЕПИ. КОВАКС системот требаше да биде превенција од она што се случи во 2009 година со H1N1 вирусот, попознат како Свински грип, а тоа е – национализација на вакцината[149]. Зошто е толку важно за државите што порано да обезбедат вакцина пред останатите? Имено, се смета дека тоа сериозно ќе ја подобри репутацијата на државата на меѓународно ниво и може да се искористи како преговарачки адут.

Бројот на инфекции во САД од КОВИД-19 надмина 36 милиони, со што САД повторно е највисоко на листата на земји по број на заразени од четвртиот бран на пандемијата[150]. На почетокот во борба против пандемијата, претседателот Доналд Трамп ја објави „Operation Warp Speed“[151] која имаше за цел да им помогне на компаниите во развојот на вакцини за што беа одвоени 10 милијарди долари. САД со вакцинација започна на 14 декември 2020 година[152]. Администрацијата на Трамп одби да учествува во КОВАКС системот[153] обвинувајќи ја СЗО за корумпирана и „кинеско-центрична“, но, со изборот на Џо Бајден за нов претседател на САД политиката доби сосема нова димензија. Претседателот Бајден на Безбедносниот самит во Минхен[154] кој се одржа виртуелно, најави дека САД се враќаат назад на глобалната сцена, со приклучување на КОВАКС системот и донација од вкупно 4 милијарди долари, при што членството во СЗО нема да запре. Но, исто така Бајден забележа дека справувањето со конкурентната Кина ќе биде тешко, обвинувајќи ја Русија за напад на демократиите и корумпирање на државите за да ги поткопаат нивните системи.

---

[145] Bobba, Giuliano, and Nicolas Hubé. "COVID-19 and Populism: A Sui Generis Crisis." (2021): 134.

[146] WHO Covid Dashboard https://covid19.who.int, пристапено на 14.8.2021.

[147] World Health Organisation, COVID-19 vaccines, пристапено на 14.8.2021. https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/covid-19-vaccines

[148] КОВАКС механизмот е создаден за поддржување и градење производствени способности за брза достава на вакцини против КОВИД-19 за сите држави.

World Health Organisation, *COVAX: Working for global equitable access to COVID-19 vaccines*, https://www.who.int/initiatives/act-accelerator/covax

[149] Rebecca Weintraub, Asaf Bitton, and Mark L. Rosenberg (2020), *The Danger of Vaccine Nationalism*, Harvard Business Review, Economics & Society. https://hbr.org/2020/05/the-danger-of-vaccine-nationalism

[150] Centers for Disease Control and Prevention „COVID Data Tracker“ https://covid.cdc.gov/covid-data-tracker/#datatracker-home пристапено на 14.08.2021.

[151] Department of Health and Human Services, *Trump Administration Announces Framework and Leadership for 'Operation Warp Speed'*, 15 May 2020. https://www.hhs.gov/about/news/2020/05/15/trump-administration-announces-framework-and-leadership-for-operation-warp-speed.html

[152] BBC, Covid-19: First vaccine given in US as roll-out begins. https://www.bbc.com/news/world-us-canada-55305720

[153] Forbs, *U.S. Won't Join Global Coronavirus Vaccine Effort Because It's Led By The WHO*, https://www.forbes.com/sites/tommybeer/2020/09/01/us-wont-join-global-coronavirus-vaccine-effort-because-its-led-by-the-who/?sh=acaab7358769

[154] White House, Briefing Room, *Remarks by President Biden at the 2021 Virtual Munich Security Conference*. 19 February 2021 https://www.whitehouse.gov/briefing-room/speeches-remarks/2021/02/19/remarks-by-president-biden-at-the-2021-virtual-munich-security-conference/

Од друга страна, на почетокот на пандемијата ЕУ се соочи со криза на солидарноста, но потоа се консолидираше во одговорот и се позиционираше како важен играч на меѓународната сцена. ЕУ се приклучи во КОВАКС системот и досега веќе има донирано една милијарда евра[155]. Ковакс системот е создаден минатата година за да се обезбеди достапност на вакцините против Ковид низ целиот свет, со што побогатите земји ги субвенционираат трошоците за вакцини за посиромашните нации. Концептот се заснова на дистрибуција на доволно вакцини за заштита на најмалку 20% од населението во 92 земји со низок или среден приход, почнувајќи со имунизација од здравствените работници и најранливите групи. Целта е да се обезбедат две милијарди дози на вакцини ширум светот во 2021 година, и 1,8 милијарди дози за 92 посиромашни земји до почетокот на 2022 година[156]

Сепак и ЕУ како и САД, според Launch & Scale Speedometer[157] ЕУ на почетокот на 2021 година имаше нарачано 1885 милиони дози вакцини од повеќе производители, што ја прави прва во откупот на вакцини; втора во набавка е САД, а трет по бројот на нарачки е КОВАКС системот со 1120 милиони дози. Важно е да се истакне дека Африканската Унија е на четвртото место со 670 милиони дози од кои 500 милиони се од вакцината на Астра Зенека, за која се појавија и одредени сознанија од Европската Медицинска Агенција (ЕМА) дека вакцината предизвикува згрутчување на крвта[158]. Покрај застапената реторика  во насока на тоа дека делувањето на ЕУ претставува соодветен придонес кон доброто на сите и одговор на потребата од навремена и рамноправна помош на граѓаните на ЕУ, сепак во повеќе наврати се покажа дека делувањето на Унијата даде приоритет кон поразвиените и побогати држави за сметка на посиромашните, особено оние кои се опфатени од Ковакс механизмот, на кои првично им беа дистрибуирани вакцини за кои сé уште постои сомнеж во однос на нивниот квалитет и недоволни резултати кај клиничките испитувања.

Од другата страна на глобалната сцена се наоѓаат Кина и Русија како конкурентни сили на Западот. КОВИД-19 пандемијата за нив претставуваше уште една нова можност да го прошират своето влијание и да се наметнат на глобалниот пазар со своите откритија. Форсирајќи ги нивните државни вакцини, Русија – Спутник В, а Кина – Синофарм[159] и Синовак, според зборовите на  Кендел Хојт[160] нивната вакцинална дипломатија е: „најмоќниот чип за преговарање што може да постои сега“. Преку вакниците, Кина го прошири влијанието и во Латинска Америка – нудејќи им една милијарда долари кредити за откуп на нивните вакцини[161], со што го наметна своето хегемонистичко и геостратешко влијание.

Кога станува збор за Русија, вакцината „Спутник В“ е со тенденција да се распространи на глобалниот пазар и да доминира во меѓународни рамки, но расположливите податоци за неа до овој момент укажуваат дека се користи во 50 држави[162]. Спутник В е првата регистрирана вакцина во Русија[163], која започна да се користи во матичната земја од 5 декември 2020, наметнувајќи се како лидери на почетокот на вакцинацијата[164]. Дистрибуцијата на вакцините до помалку развиените економии беше одлична прилика за Русија и Кина да го пополнат вакуум просторот, додека КОВАКС механизмот[165] тешко ги исполнуваше своите обврски во дистрибуцијата на вакцините кон помалку развиените економии поради големата неизбалансираност со развиените држави, при тоа критикувајќи

[155] European Commission, Coronavirus response, Public Health. https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/coronavirus-response/public-health_en#eu-vaccine-strategy

[156] Covax: How many Covid vaccines have the US and the other G7 countries pledged?, https://www.bbc.com/news/world-55795297, пристапено на 10.8.2021.

[157] Launch & Scale SPEEDOMETER, COVID-19, пристапено на 20 февруари 2021. https://launchandscalefaster.org/COVID-19

[158] European Medicines Agency „AstraZeneca’s COVID-19 vaccine: EMA finds possible link to very rare cases of unusual blood clots with low blood platelets“ https://www.ema.europa.eu/en/news/astrazenecas-covid-19-vaccine-ema-finds-possible-link-very-rare-cases-unusual-blood-clots-low-blood

[159] World Health Organization „WHO lists additional COVID-19 vaccine for emergency use and issues interim policy recommendations“ https://www.who.int/news/item/07-05-2021-who-lists-additional-covid-19-vaccine-for-emergency-use-and-issues-interim-policy-recommendations

[160] The Washington Post, *China and Russia are using coronavirus vaccines to expand their influence. The U.S. is on the sidelines*. https://www.washingtonpost.com/world/vaccine-russia-china-influence/2020/11/23/b93daaca-25e5-11eb-9c4a-0dc6242c4814_story.html

[161] Reuters, *Mexico says China plans $1 billion loan to ease Latam access to virus vaccine. https://www.reuters.com/article/us-health-coronavirus-mexico-china/mexico-says-china-plans-1-billion-loan-to-ease-latam-access-to-virus-vaccine-idUSKCN24O08L*

[162] Our World in Date, *Coronavirus (COVID-19) Vaccinations, Source information country by country* https://ourworldindata.org/covid-vaccinations пристапено на 09.05.2021.

[163] Sputnik V „Vaccine, General information“ https://sputnikvaccine.com/about-vaccine/

[164] BBC, *Covid: Russia begins vaccinations in Moscow*. https://www.bbc.com/news/world-europe-55198166

[165] BBC „Coronavirus: WHO chief criticises 'shocking' global vaccine divide“ https://www.bbc.com/news/world-56698854#:~:text=%22There%20remains%20a%20shocking%20imbalance,than%20500%2C%22%20he%20said.

ги државите кои имаат своја вакцина дека ја користат за политички причини, а со тоа го заобиколуваат КОВАКС системот.

## 7. Заклучок

Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 несомнено донесе нова динамика во развојот на меѓународните односи. Прво, глобалната економска рецесија ја наруши стабилноста на земјите и предизвика низа задолжувања, кои започнаа како резултат на честите затворања со цел превенција од ширење на вирусот и масовното губење на работни места.

Второ, кај многу земји беше забележан раст на национализмот и изолационистичките политики, во насока на заштита на сопственото население. Анти-глобалистичките тенденции растеа кај развиените земји заради нивната само-одржливост во време на криза со која можеа да ги обезбедат сите неопходни продукти на пазарот за сопственото население. Имено, пандемијата го нагласи фактот дека подобро е кога производството е поблиску до пазарот.

Трето, справувањето со кризата го нагласи јазот помеѓу богатите и сиромашните земји, помеѓу развиените и неразвиените, помеѓу западните демократии и Истокот. Нееднаквостите дојдоа особено до израз при производството и дистрибуција на вакцини, при што поразвиените земји побрзо го отпочнаа процесот на производство и вакцинација со поефикасните вакцини на пазарот, за разлика од помалку развиените земји кои мораа да се потпрат на механизмите за солидарност и распределба на вакцини чија ефикасност беше често предмет на дискусија.

Четврто, мултилатералните механизми на соработка како ОН, Светска банка, Г20, ММФ, Светската трговска организација и другите меѓународни организации не воспоставија заеднички обединет фронт за справување со пандемијата, со што се докажа дека истите не може ефикасно да одговорат на налетот на пандемијата. Оттука, овој тест покажа дека постојните мултилатерални механизми не може да се сметаат за доволни при справување со кризи, па овие неповолни состојби нé потсетуваат дека светот е недоволно подготвен за кризни состојби од овој вид и во иднина неопходно ќе биде државите да се посветат подобро на менаџирањето со кризи и соодветно планирање на финансиските и човечките ресурси.

Петто, од финансиската криза во 2008-2009 година па се до појавата на новиот коронавирус, светот се наоѓа во постојана економска и политичка трансформација. Носители на овие трансформативни процеси се големите економски и политички сили преку нивната борба за доминација на економски и политички план. КОВИД-19 беше само забрзувач на оваа латентна борба, а пандемијата дополнително го нагласи ривалството помеѓу САД и Кина. Пандемијата ни овозможи јасна слика за таа борба на доминација да може да ја согледаме низ призмата на студената војна, која впрочем се чинеше дека е завршена во 20-от век. Сепак, поделбата помеѓу истокот и западот е сé уште присутна.

Очекувањата на глобално ниво во пост-Ковид поредокот се однесуваат на ресетирање на системот на глобално управување, забрзана и пожестока конкуренција на големите сили на глобалниот пазар и нивна понагласена поларизација. Во овие услови на нагласена поларизација ќе стане неизбежно и разгледување на можностите од страна на големите сили за тоа како да се врати меѓусебната доверба на меѓународен план и како да се превенираат вакви кризи од сличен размер во иднина.

**Користена литература:**

[1] Balfour, R. „Why Populism Can Survive the Pandemic“, Carnegie Europe, 2020.
[2] Barry, John M. „The Great Influenza“, Viking Penguin, 2004.
[3] BBC, *Covid: Russia begins vaccinations in Moscow*. https://www.bbc.com/news/world-europe-55198166
[4] BBC „Coronavirus: WHO chief criticises 'shocking' global vaccine divide“ https://www.bbc.com/news/world-56698854#:~:text=%22There%20remains%20a%20shocking%20imbalance,than%20500%2C%22%20he%20said.
[5] BBC, Covid-19: First vaccine given in US as roll-out begins. https://www.bbc.com/news/world-us-canada-55305720
[6] Centers for Disease Control and Prevention „COVID Data Tracker“ https://covid.cdc.gov/covid-data-tracker/#datatracker-home пристапено на 14.08.2021.
[7] Chomsisengphet, S. Pennington-Cross, A. „The Evolution of the Subprime Mortgage Market“, Federal Beserve Bank of St. Luise Review 88 No.1, 2006.
**[8]** CNN „Protests are popping up across the US over stay-at-home restrictions“ https://edition.cnn.com/2020/04/16/us/protests-coronavirus-stay-home-orders/index.html

[9] Comiskey, M. Madhogarhia, P. „Unraveling the Financial Crisis of 2008“, PS: Political Science & Politics, pg. 271-275, 2009.
[10] Covax: How many Covid vaccines have the US and the other G7 countries pledged?, https://www.bbc.com/news/world-55795297, пристапено на 10.8.2021.
[11] Department of Health and Human Services, *Trump Administration Announces Framework and Leadership for 'Operation Warp Speed',* 15 May 2020. https://www.hhs.gov/about/news/2020/05/15/trump-administration-announces-framework-and-leadership-for-operation-warp-speed.html
[12] Drezner, Daniel W. “The Song Remains the Same: International Relations After COVID-19.” International Organization 74, no. S1 (2020): E18–E35.
**[13]** European Commission, „Coronavirus: Chinese aid to the EU delivered to Italy“, Април 2020 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_20_600
[14] European Commission, COMMUNICATION FROM THE COMMISSION TO THE EUROPEAN PARLIAMENT, THE EUROPEAN COUNCIL AND THE COUNCIL „COVID-19: Temporary Restriction on Non-Essential Travel to the EU“, 16 March 2020. https://ec.europa.eu/transparency/regdoc/rep/1/2020/EN/COM-2020-115-F1-EN-MAIN-PART-1.PDF
[15] European Commission „Coronavirus: Commission proposes a Digital Green Certificate“ https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/IP_21_1181. Пристапено на 1 август 2021.
[16] European Commission, Coronavirus response, Public Health. https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/coronavirus-response/public-health_en#eu-vaccine-strategy
[17] EU Digital Covid Certificate. Достапно на: https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/coronavirus-response/safe-covid-19-vaccines-europeans/eu-digital-covid-certificate_en. Пристапено на 1 август 2021.
**[18]** European Medicines Agency „AstraZeneca’s COVID-19 vaccine: EMA finds possible link to very rare cases of unusual blood clots with low blood platelets“ https://www.ema.europa.eu/en/news/astrazenecas-covid-19-vaccine-ema-finds-possible-link-very-rare-cases-unusual-blood-clots-low-blood
[19] Forbs, *U.S. Won’t Join Global Coronavirus Vaccine Effort Because It’s Led By The WHO,* https://www.forbes.com/sites/tommybeer/2020/09/01/us-wont-join-global-coronavirus-vaccine-effort-because-its-led-by-the-who/?sh=acaab7358769
[20] Fukuyama, F. „The end of history and last man“, Free Press, 1992.
[21] Fukuyama, F. „The Pandemic and Political Order“, 2020, Foreing Affairs.
[22] Gardini, Gian Luca. „Myths and realities of politics, policy-making and the state in times of Covid-19“, European Institute of International Relations „The world before and after Covid-19: Intellectual reflections on politics, diplomacy and international relations“, 2020.
[23] Giuliano, B. Hubé, N. "COVID-19 and Populism: A Sui Generis Crisis." (2021): 1-16.
[24] Heywood, A. „Global Politics“, Palgrave Macmillan, 2011.
[25] House Hearing, 110 Congress, „THE FINANCIAL CRISIS AND THE ROLE OF FEDERAL REGULATORS“, U.S. Government Printing Office, 23 October 2008. https://www.govinfo.gov/content/pkg/CHRG-110hhrg55764/html/CHRG-110hhrg55764.htm
[26] Huntington, S.P. „The Clash of Civilizations?“, Foreign Affairs, Summer 1993. https://www.foreignaffairs.com/articles/united-states/1993-06-01/clash-civilizations
[27] IMF World economic outlook update, January 2021: Policy Supports and Vaccines Expected to Lift Activity. Достапно на: https://www.imf.org/en/Publications/WEO/Issues/2021/01/26/2021-world-economic-outlook-update.
[28] Kamali-Chirani, F. Saqib Khalid, I. „COVID-19 and Change in Global Political Order“, 2020, SDPI.
[29] Launch & Scale SPEEDOMETER, COVID-19, пристапено на 20 февруари 2021. https://launchandscalefaster.org/COVID-19
[30] Meye, B. „Pandemic Populism: An Analysis of Populist Leaders’ Responses to Covid-19“, Tony Blare Institute for Global Change, 2020.
[31] Nunez Garcia Sauco, A. „Old and new order“, European Institute of International Relations „The world before and after Covid-19: Intellectual reflections on politics, diplomacy and international relations“, 2020.
[32] Nye, Joseph. How the Pandemic Transformed Great Power Rivalry and American Soft Power, https://cdainstitute.ca/joseph-nye-how-the-pandemic-transformed-great-power-rivalry-and-american-soft-power/ , 10 August 2021, CDA Institute.
**[33]** Our World in Date, *Coronavirus (COVID-19) Vaccinations, Source information country by country* https://ourworldindata.org/covid-vaccinations пристапено на 09.05.2021.
[34] ProMED - International Society for Infectious Diseases, „ Undiagnosed pneumonia – China (Hubei): Request for information “https://promedmail.org/promed-post/?id=6864153%20#COVID19

[35] Reuters, *Mexico says China plans $1 billion loan to ease Latam access to virus vaccine. https://www.reuters.com/article/us-health-coronavirus-mexico-china/mexico-says-china-plans-1-billion-loan-to-ease-latam-access-to-virus-vaccine-idUSKCN24O08L*
[36] Roberts, A. „Pandemics and Politics“, 2020, Survival.
[37] Schengen Visa Info new, „Italy Refuses to Suspend Schengen Agreement Amid Coronavirus Outbreak“, 24 february 2020. https://www.schengenvisainfo.com/news/italy-refuses-to-suspend-schengen-agreement-amid-coronavirus-outbreak/
[38] Schengen Visa Info New, „ Schengen Area Crisis: EU States Close Borders as Coronavirus Outbreak Grips Bloc“, 13 март 2020. https://www.schengenvisainfo.com/news/schengen-area-crisis-eu-states-close-borders-as-coronavirus-outbreak-grips-bloc/
[39] Sputnik V „Vaccine, General information“ https://sputnikvaccine.com/about-vaccine/
[40] The Washington Post, *China and Russia are using coronavirus vaccines to expand their influence. The U.S. is on the sidelines*. https://www.washingtonpost.com/world/vaccine-russia-china-influence/2020/11/23/b93daaca-25e5-11eb-9c4a-0dc6242c4814_story.html
[41] United Nations „Universal Declaration of Human Rights“, 1948. https://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/
[42] U.S. Department of State, „The Global War on Terrorism: The First 100 Days“ https://2001-2009.state.gov/s/ct/rls/wh/6947.htm
[43] U.S. Congress, „DODD-FRANK WALL STREET REFORM AND CONSUMER PROTECTION ACT“, Public Law 111-203, 21 July 2010. https://www.govinfo.gov/content/pkg/PLAW-111publ203/pdf/PLAW-111publ203.pdf
[44] Wang, Z., Sun, Z. From Globalization to Regionalization: The United States, China, and the Post-Covid-19 World Economic Order. J OF CHIN POLIT SCI (2020). https://doi.org/10.1007/s11366-020-09706-3
[45] Weintraub, R. Bitton, A. and Rosenberg, M.L., *The Danger of Vaccine Nationalism*, Harvard Business Review, Economics & Society. https://hbr.org/2020/05/the-danger-of-vaccine-nationalism , 2020.
[46] White House, „Proclamation—Suspension of Entry as Immigrants and Nonimmigrants of Certain Additional Persons Who Pose a Risk of Transmitting 2019 Novel Coronavirus“, 11 March 2020. https://trumpwhitehouse.archives.gov/presidential-actions/proclamation-suspension-entry-immigrants-nonimmigrants-certain-additional-persons-pose-risk-transmitting-2019-novel-coronavirus/
[47] White House, Briefing Room, *Remarks by President Biden at the 2021 Virtual Munich Security Conference*. 19 February 2021 https://www.whitehouse.gov/briefing-room/speeches-remarks/2021/02/19/remarks-by-president-biden-at-the-2021-virtual-munich-security-conference/
[48] WHO Covid Dashboard https://covid19.who.int, пристапено на 14.8.2021.
[49] World Health Organization, Novel Coronavirus (2019-nCoV) Situation report – 1, 21 January 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200121-sitrep-1-2019-ncov.pdf?sfvrsn=20a99c10_4
[50] World Health Organization, Novel Coronavirus (2019-nCoV) Situation report – 22, 11 February 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200211-sitrep-22-ncov.pdf?sfvrsn=fb6d49b1_2
[51] World Health Organization, Novel Coronavirus (2019-nCoV) Situation report – 11, 31 January 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200131-sitrep-11-ncov.pdf?sfvrsn=de7c0f7_4
[52] World Health Organization, Coronavirus disease 2019 (COVID-19) Situation report – 40, 29 February 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200229-sitrep-40-covid-19.pdf?sfvrsn=849d0665_2
[53] World Health Organization, Coronavirus disease 2019 (COVID-19) Situation report – 51, 11 March 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200311-sitrep-51-covid-19.pdf?sfvrsn=1ba62e57_10
[54] World Health Organization, Coronavirus disease 2019 (COVID-19) Situation report – 71, 31 March 2020 https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200331-sitrep-71-covid-19.pdf?sfvrsn=4360e92b_8
[55] World Health Organization, Weekly epidemiological update - 29 December 2020 https://www.who.int/publications/m/item/weekly-epidemiological-update---29-december-2020
[56] World Health Organization, „Seventy-third World Health Assembly“, 18 Maj 2020 https://www.who.int/about/governance/world-health-assembly/seventy-third-world-health-assembly
[57] World Health Organization „WHO lists additional COVID-19 vaccine for emergency use and issues interim policy recommendations“ https://www.who.int/news/item/07-05-2021-who-lists-additional-covid-19-vaccine-for-emergency-use-and-issues-interim-policy-recommendations

[58] World Health Organisation, COVID-19 vaccines, пристапено на 14.8.2021. https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/covid-19-vaccines

[59] World Health Organisation, *COVAX: Working for global equitable access to COVID-19 vaccines,* https://www.who.int/initiatives/act-accelerator/covax

[60] Рунчева Тасев, Х. и Стојановска Стефанова, А. „Јавни политики за справување со кризи: лекции научени од КОВИД-19 за климатските промени". Факултет за политички науки – Белград, Политички последици од пандемијата, Политичка мисла бр. 61, мај 2021.